ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 03-538/3
Дата: 23.04.2020

Врз основа на член 9 точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), а во врска со член 7 став (1), член 8 став (1) и член 10 став (1) алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 2 став (1) и став (2) од Уредба со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија број 103/2020", главниот државен ревизор донесе

# РЕШЕНИЕ

**За измена и дополнување на Решение за исплата на парични средства по основ на донација на Министерство за здравство за набавка на стоки, добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од корона вирус заведено под број 03-538/1 од 15.04.2020 година**

1. **Во Решението за исплата на парични средства по основ на донација на Министерство за здравство за набавка на стоки, добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од корона вирус заведено под број 03-538/1 од 15.04.2020 година, точка 4 се менува и гласи:**

„ Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување "

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за здравство, во напорите на институциите за справување со состојбата со Ковид-19 во земјата, има отворено наменски донациски сметки наменети за директна финансиска помош во парични донации за набавка на стоки, добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од корона вирус.

Во рамките на расположливите средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година распределени на Државниот завод за ревизија, беше увидена можност да се алоцира износ на средства кои би можеле да бидат уплатени како директна финансиска помош во парична донација за горенаведената намена.

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", Rr. „Jordan Mijallkov", Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

Со оглед дека во конкретниот случај се работи за донација од Државен завод за ревизија како давател на донација - домашно лице определено со одредбите од член 3 став 1 точка 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) главниот државен ревизор донесе Решение за исплата на парични средства по основ на донација на Министерство за здравство за набавка на стоки, добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од корона вирус, заведено под број 03-538/1 од 15.04.2020 година, и потоа истото го достави во прилог со барањето доставено до Министерство за правда заведено под број 03-537/1 од 15.04.2020 година, за потврдување на јавниот интерес на донацијата.

Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија број 103/2020" на ден 16.04.2020 година, во која со **член 2 став (1) е пропишано дека јавниот интерес на донацијата во финансиски средства, добра и услуги, чиј прималел на донацијата се буџетските корисници, со цел да се решат состојбите што се предизвикани на територијата на Република Северна Македонија од Коронавирусот COVID 19, се смета за утврден согласно Уредбата, а во став (2) од истиот член е пропишано дека не се спроведува постапка за потврдување на јавен интерес во Министерството за правда.**

Заради горенаведеното а со оглед дека Министерството за здравство се јавува како буџетски корисник прималел на донацијата од Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор го донесе ова Решение.

Главен државен ревизор

м-р Максим Ацевски

Изработил: м-р Александар Поповски